Влада на Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

**Предлог на Закон за инспекциски надзор во животната средина**

Скопје, Мај 2021 година

**ВОВЕД**

**I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ**

Организацијата и спроведувањето на инспекцискиот надзор во областа на животната средина во Република Северна Македонија е регулиран со Законот за животната средина и со другите закони од областа на животната средина. Согласно истите надлежен орган за инспекциски надзор во областа на животната средина на централно ниво е Државниот инспекторат за животна средина кој надзорот го врши преку државните инспектори за животна средина, државните инспектори за заштита на природата и водостопанските инспектори. Условите кои треба да ги исполнуваат државните инспектори се утврдени во Законот за животната средина додека дополнителни услови за државниот инспектор за заштита на природата и водостопанскиот инспектор се пропишани во Законот за заштита на природата и Законот за водите. Општите права и обврски за инспекциски надзор, како и условите кои треба да ги исполнат државните инспектори се регулирани во Законот за инспекциски надзор.

На локално ниво, инспекцискиот надзор го вршат единиците на локална самоуправа преку овластените инспектори за животна средина. Надзор над работата над единиците на локална самоуправа се врши согласно Законот за животната средина во кои постојат одредби за надзор над работата над единиците на локална самоуправа.

Согласно постојните прописи не постои воедначен систем на инспекциски надзор во животната средина на централно и локално ниво во однос на планирањето на инспекцискиот надзор, како и во следење на неговата реализација. Разлика постои во однос на обврските кои постојат на централно и локално ниво во однос на инспекцискиот надзор. Имено, државниот и овластените инспекторат за животна средина се задолжени за подготовка на Годишен план за работа на согласно Законот за инспекциски надзор. Реализацијата на Планот се следи согласно обврските кои произлегуваат од Законот за инспекциски надзор. Исто така, државниот и овластените инспектори имаат обврска за подготовка на годишен извештај за инспекциски надзор. Државниот инспекторат Планот и Извештајот има обврска да го достави до Инспекцискиот Совет додека ваква обврска не произлегува за овластените инспектори за животна средина. Планирањето и следењето на извршувањето на надзорот не е прецизно регулирано ни со Законот за животна средина.

На ниво на Европската унија организацијата и спроведувањето на инспекцијата во животната средина е уредено со Препораката на Европскиот Парламент и на Советот за обезбедување на минимум критериуми за инспекција во животната средина во земјите членки од 4 април 2001 година. Дел од овие насоките дадени во препораката се соодветно вградени во постојниот Закон за животната средина во делот на инспекциски надзор. Во препораката се дадени насоки на кој начин да се организира и спроведува инспекцискиот надзор во животната средина во земјите членки на Европската Унија. Воедно одредени критериуми и насоки на кој начин треба да се спроведува инспекцискиот надзор во животната средина во одделни области е уредено и со правото на ЕУ од областа на животната средина. Конкретно, Директивата 2010/75/EU на Европскиот Парламент и Советот од 24 Ноември 2010 за индустриски емисии, Директива 2012/18/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 4 Јули 2012 година за контрола на несреќи од хаварии вклучувајќи опасни супстанции и Регулативата 1013/2006 на Европскиот парламент и на Советот од 14 Јуни 2006 за пратките на отпад постојат посебни одредби со кои се уредува воспоставувањето на систем на инспекциски надзор во кој основа е планирање на инспекцискиот надзор. Планирањето се врши врз основа на процена

на ризикот од работата на субјектите на надзорот врз животната средина согласно воспоставени критериуми и насоки подготвени од Европската Комисија.

Со цел организирање на поефикасен и воеднчен систем на инспекциски надзор во животната средина на целата територијата на Република Северна Македонија, а воедно исполнување на барањата кои произлегуваат од правото на ЕУ во однос на инспекцискиот надзор во животната средина се пристапи кон изработка на Закон за инспекциски надзор во животната средина.

Првата нацрт верзија беше подготвена во 2016 година, но истата не беше прифатена од страна на Инспекцискиот Совет. Во 2019 година, беше донесен нов Закон за инспекциски надзор во кој дел од решенијата уредени во нацрт Законот за инспекциски надзор во животната средина беа преземени и вградени.

Со цел доуредување и постигнување на целите на инспекцискиот надзор во животната средина, се пристапи кон ревидирање на текстот на нацрт Законот за инспекциски надзор во животната средина и негово усогласување со новите решенија во општиот Закон за инспекциски надзор, на што резултат е овој предлог на закон.

Причини поради која се пристапи кон донесување на нов закон е потребата од:

– планирање на инспекцискиот надзор во животната средина за целата територија на Република Северна Македонија, односно истото ќе се врши согласно критериумите за процена на ризикот кои субјектите на надзорот го имаат врз животната средина на централно и локално ниво;

– воспоставување на систем на инспекциски надзор во животната средина кој ќе ги следи долгорочните стратешки цели и приоритети предвидени во стратешките документи од областа на животната средина;

– долгорочна стратегија за зајакнување на административните капацитети за спроведување на инспекциски надзор во областа на животната средина кој ќе биде во насока на исполнување на стратешките цели во областа на животната средина. На овој начин се овозможува надминување на проблемот на постојаноста на кадарот, како и негова обученост за спроведување на инспекциски надзор во областа на животната средина е особено истакнат на локално ниво каде овластените инспектори покрај обврските од областа на животната средина вршат и други работи кои не се во делокруг на инспекциски надзор во областа на животната средина;

– зголемување на соработката и координација во планирањето и спроведувањето на инспекцискиот надзор на централно и локално ниво и

- дефинирање и доуредување на надзорот над единиците на локална самоуправа во спроведувањето на обврските кои произлегуваат од овој закон.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основни цели за донесување на овој закон се:

1. Повеќегодишно планирање на инспекцискиот надзор во животната средина со кое ќе се обезбеди:

– планирање на инспекцискиот надзор на целата територија на Република Северна Македонија односно на централно и локално ниво преку донесување на Национална Стратегија и Програма за инспекциски надзор во животната средина засновано на критериумите за процена на ризикот врз животната средина;

– планирање кое ќе биде во насока на спроведување на дефинираните цели и приоритети согласно стратешките документи во областа на животната средина;

– воедначување на планирањето и следењето на реализацијата на инспекцискиот надзор на централно и локално ниво и

– планирање засновано на воспоставени критериуми за процена на ризикот кој го имаат субјектите на надзорот врз животната средина.

2. Обезбедување на постојано и континуирано зајакнување на капацитетите на инспекторите на централно и локално ниво преку воспоставување на механизми за постојаност на кадрите особено на локално ниво како и планирање на потребите за стручно оспособување и усовршување на инспекторите согласно потребите за следење на спроведување на целите и приоритетите во планските документи за инспекциски надзор во животната средина.
3. Зајакнување на соработката на инспекторите во животната средина на централно и локално ниво и
4. Надзор врз единиците на локална самоуправа во спроведување на инспекцискиот надзор во животната средина.
5. Допрецизирање и доуредување на одредени прашања кои се генерално уредени со Законот за инспекциски надзор.
Основни начела на кои се темели овој закон се:
- Начело на превенција;
- Начело на интегриран пристап при вршењето на инспекцискиот надзор и
- Начело на транспарентност и учество на јавноста.

Законот нуди решенија во насока на надминување на утврдените недостатоци во досегашниот период. Повеќегодишно планирање на инспекцискиот надзор во животната средина на централно и локално ниво ќе се врши преку донесување на Национална Стратегија за инспекциски надзор во животната средина со кој ќе се дефинираат приоритетите за инспекциски надзор, областите во кои ќе се врши надзор, како и потребните човечки и финансиски ресурси. Спроведувањето на Стратегијата ќе се врши преку донесување на тригодишна Програма за инспекциски надзор во животната средина.
Планирањето на инспекциски надзор во животната средина ќе овозможи вршење на инспекциски надзор согласно приоритетите и реалните потреби, а во исто време ќе влијае и на обезбедување на рационално и објективно користење на материјалните и човечките ресурси во спроведување на инспекциски надзор кое во насока на исполнување на крајната и единствена цел, а тоа е подобрување на квалитетот на животната средина.
Исто така се воведуваат и решенија во насока на обезбедување на постојаност на кадарот на централно и локално ниво односно нивно специјализирање и вршење на работи исклучиво од областа на инспекциски надзор во животната средина. Во законот е предвидено подолгорочно планирање на потребите за стручно усовршување и оспособување на кадарот за вршење на инспекциски надзор во животната средина согласно планираните приоритети во областа на животната средина.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Донесувањето на Законот нема финансиски импликации врз буџетот и другите јавни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗАТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на Законот не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.
Донесувањето на Законот не предизвикува дополнителни трошоци во однос на администрацијата и засегнатите субјекти.

## V. УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Овој предлог на закон се усогласува со Препораката на Европскиот Парламент и на Советот за обезбедување на минимум критериуми за инспекција во животната средина во земјите членки од 4 април 2001 година.
Дополнително, со во овој закон се врши усогласување и со одредени одредби од следните директиви:

- Директивата 2010/75/ЕУ на Европскиот Парламент и Советот од 24 Ноември 2010 за индустриски емисии,
- Директива 2012/18/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 4 Јули 2012 година за контрола на несреќи од хаварии вклучувајќи опасни супстанции и
- Регулативата 1013/2006 на Европскиот парламент и на Советот од 14 Јуни 2006 за пратките на отпад.

## VI. ПРЕГЛЕД НА ПРОПИСИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Прописи кои се треба да се донесат врз основа на овој закон се:

- Формата и содржината на Стратегијата (член 16 од овој закон);
- Формата и содржината на образецот на Програмата, како и формата и содржината на Програмата за инспекциски надзор во животната средина, начинот на подготовка, како и начинот на следење и реализација (член 17 став 10 од овој закон);
- Формата и содржината на образецот на Годишниот план за инспекциски надзор во животната средина, начинот на подготовка и донесување, како и начинот и постапката на следењето на неговата реализација (член 19 став (7) од овој закон);
- Упатства со кои ќе го определи начинот и формата на најавата за инспекциски надзор како и за начинот на вршење на ненајавен инспекциски надзор во обласа на животната средина (член 28 став (3) од овој закон),
- Постапката за земање на примероци за анализа (член 31 став (3) од овој закон),
- Видот и начинот на пресметка на трошоците на инспекцискиот надзор во животната средина ги пропишува министерот на предлог на директорот на Инспекторатот (член 34 став (11) од овој закон).
- Стандардните оперативни процедури (член 39 став (4) од овој закон),
- Методологија за спроведување на процената на ризикот за определени дејности и/или активности согласно која се планира инспекцискиот надзор во животната средина и се определува зачестеноста на вршење на инспекциски надзор на определени субјекти (член 41 став (5) од овој закон),
- Формата и содржината на извештајот, начинот на подготовка и донесување на извештајот и неговото објавување ја пропишува министерот на предлог на директорот на Инспекторатот (член 42 став (11) од овој закон),
- Упатства за формата и содржината, начинот на водење и одржување на базата на податоци за инспекциски активности, начинот на доставување на податоците за инспекциски активности од инспекторите, размена на информациите за инспекциски надзор во животната средина на централно и локално ниво, како и со другите органи на државната управа (член 43 став (5) од овој закон),
- Формата и содржината на Регистарот за субјекти на инспекциски надзор во животната средина (член 44 став (5) од овој закон).

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1
### Предмет на уредување

Со овој закон се уредува надлежноста, работата и организацијата на инспекцискиот надзор во медиумите и областите на животната средина на централно и локално ниво (во натамошниот текст: инспекциски надзор во животната средина), подготовката на плански документи за инспекцискиот надзор во животната средина, правата, должностите и овластувањата на инспекторите, како и соработката и надзорот во областа на инспекцијата во животната средина.

### Член 2
### Примена на законот

(1) При вршење на инспекцискиот надзор во животната средина, покрај одредбите на овој закон се применуваат и одредбите од Законот за инспекциски надзор и Законот за општа управна постапка, доколку со овој или друг закон поинаку не е уредено.

(2) При водење на прекршочната постапка, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите од законите од областа на животната средина или други закони во кои е утврдена надлежност за вршење на инспекциски надзор од страна на инспекторите како и Законот за прекршоците.

### Член 3
### Цел на законот

Цел на овој закон е воспоставување на ефикасен систем на инспекциски надзор во животната средина на територијата на Република Северна Македонија со кој ќе се постигне високо ниво на заштита на животната средина преку:

- вршење инспекциски надзор над субјектите на надзорот кои вршат активности/дејности врз основа на издаден акт во однос на усогласеноста со прописите од животната средина.
- испитување на влијанието кои субјектите на надзорот го имаат врз животната средина;
- планирање на инспекцискиот надзор во животната средина врз основа на процена на ризикот кој субјектите на надзорот го имаат врз животната средина.
- да го открие изворот и обемот на загадување на животна средина и да преземе мерки за отстранување или намалување.

### Член 4
### Значење на изрази употребени во овој закон

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Инспекциски надзор во животната средина“ е планирање и спроведување на инспекциски надзор над субјектите на инспекциски надзор кои вршат дејности и/или активности кои предизвикуваат или имаат потенцијал да предизвикаат влијание врз медиумите и областите во животната средина, без оглед дали субјектите на инспекциски надзор имаат или немаат обезбедено соодветни акти со кои е регулирано вршењето на дејноста и/или активности;
2. „Субјект на инспекциски надзор во животната средина“ е домашно или странско правно лице односно трговец поединец или физичко лице кое на територијата на Република Северна Македонија при вршењето на дејност и/или активност предизвикува или може да предизвика негативно влијание врз животната средина кое како такво е определено со прописите од областа на животната средина;
3. „Прописи од областа на животната средина“ се законите и прописите кои се донесуваат врз основа на законите, со кои се регулирани медиумите и областите на животната средина.
4. „Вршители на инспекциски надзор во животната средина“ се државните

инспектори во Државниот инспекторат за животна средина и овластените инспектори за животната средина во општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје (во понатамошниот текст: инспектори).
5. „Стручен орган“ е органот на државната управа надлежен за вршење на стручните работи од областа на животната средина формиран согласно член 160 од Законот за животната средина.

## II.НАЧЕЛА НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### Член 5

### Начело на превенција

Инспекцискиот надзор во животната средина се врши првенствено со цел да се спречи настанување на негативни влијанија врз животната средина, со што инспекторот му наложува на субјектот на инспекцискиот надзор преземање на потребните мерки и активности неопходни за заштита на животната средина, пред да дојде до настанување на штетните последици.

### Член 6

### Начело на интегриран пристап при вршењето на инспекцискиот надзор

Инспекцискиот надзор во животната средина се врши на начин преку кој инспекторот ги забележува и утврдува влијанијата врз сите медиуми и области на животната средина кои ги предизвикал или може да ги предизвика субјектот на надзорот.

### Член 7

### Начело на транспарентност и учество на јавноста

Инспекторите се должни да обезбедат право на пристап до информациите кои се однесуваат на вршењето на инспекцискиот надзор во животната средина согласно одредбите на овој или друг закон.

### Член 8

При вршење на инспекциски надзор во животната средина се применуваат и начелата од Законот за инспекциски надзор.

## III.НАДЛЕЖНОСТ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### Член 9

### Надлежни органи при вршење на инспекциски надзор во животната средина

Инспекцискиот надзор во животната средина се спроведува од инспекторите во согласност со нивните надлежности утврдени во овој закон и прописи од областа на животната средина, како и другите прописи во кои е пропишана нивна надлежност, заради обезбедување на спроведување на прописите од областа на животната средина од субјектите на инспекцискиот надзор.

### Член 10

### Организација на инспекцискиот надзор во животната средина

Инспекцискиот надзор во животната средина се остварува на централно и локално ниво.

### Член 11

### Инспекциски надзор во животната средина на централно ниво

(1) Надлежен орган за инспекциски надзор во животната средина на централно ниво е Државниот инспекторат за животна средина (во натамошниот текст: Инспекторатот).

(2) Инспекторатот врши инспекциски надзор во животната средина преку државните инспектори за животна средина, државните инспектори за заштита на природата и водостопанските инспектори (во натамошниот текст: државни инспектори) согласно надлежностите утврдени во овој закон и прописите од

областа на животната средина, како и другите прописи во кои е пропишана нивна надлежност.
(3) За спроведување на инспекцискиот надзор, Директорот на Инспекторатот донесува упатства кои задолжително се применуваат во вршењето на надзорот.
(4) Инспекторот е должен инспекцискиот надзор во животната средина да ја врши согласно донесените упатства од став (3) од овој член.

**Член 12**
**Инспекциски надзор во животната средина на локално ниво**

(1) Инспекциски надзор во животната средина на локално ниво се остварува преку овластените инспектори за животна средина на општината, на општината во градот Скопје и градот Скопје (во натамошниот текст: овластени инспектори), кои се распоредени во организационите единици формирани во рамките на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.
(2) Овластените инспектори вршат инспекциски надзор во животната средина согласно утврдените надлежности во овој закон и во прописите од областа на животната средина, како и другите прописи во кои е пропишана нивна надлежност.
(3) Овластените инспектори се должни инспекцискиот надзор во животната средина да го вршат согласно упатствата донесени согласно одредбите од овој закон.

**Член 13**
**Државни инспектори**

(1) Државен инспектор во Инспекторатот, може да биде лице со завршено високо образование од областа на природно-математичките науки (биологија, физика, географија, геологија, хемија и биохемија), техничко-технолошките науки (енергетика, градежништво и водостопанство, хемиско инженерство, хемиска технологија, индустриско инженерство и менаџмент, контрола на квалитет, машинство, материјали, металургија, применета геологија и геофизика, регулација и управување со технолошки процеси, рударство, животна средина), биотехничките науки (наука за земјиштето и хидрологија, заштита на растенија, растително производство, овоштарство, лозарство, добиточно производство (сточарство), рибарство, шумарство и хортикултура, преработка на дрво, биотехнологија и прехранбена технологија и општествени науки (безбедност).
(2) Државен инспектор за заштита на природата во Инспекторатот може да биде лице со завршено образование од областа на природно-математичките науки (биологија и биохемија), шумарство, агроном и ветеринарна медицина.
(3) Водостопански инспектор во Инспекторатот може да биде лице со завршено образование од областа на градежништвото.
(4) Покрај условите од ставовите (1), (2) и (3) од овој член, државниот инспектор треба да ги исполнува општите услови пропишани во Законот за инспекциски надзор и посебните услови определени во актите за внатрешна организација на Инспекторатот.
(5) Со актот за внатрешна организација и систематизација на Инспекторатот може да се определи инспектор да врши инспекциски надзор само за определена област и/или медиум и/или за определени специјализирани активности.
(6) Заради поефикасно спроведување на прописите од областа на животната средина, Директорот на Инспекторатот може со овластување да определи државен инспектор за определен период да врши, инспекциски надзор само за определена област и/или медиум и/или за определени специјализирани активности.

**Член 14**
**Овластени инспектори за животна средина**

(1) За спроведување на инспекциски надзор во животната средина на подрачјето на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје, градоначалникот на општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје, е должен да вработи најмалку едно лице во локалната администрација, кое исклучиво ќе ги врши работите на овластен инспектор за животна средина.

(2) Овластен инспектор може да биде лице со завршено високо образование од областите утврдени во членот 13 став (1) од овој закон.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, за вршење инспекциски надзор во животната средина, општината, општината во Градот Скопје и/или градот Скопје можат да формираат заедничка администрација за вршење инспекциски надзор во животната средина односно да овластат едно лице вработено во локалната администрација како овластен инспектор од една општина да ги врши работите на овластен инспектор на подрачјата на повеќе општини на начин определен во склучената спогодба за меѓуопштинска соработка.

(4) Градоначалниците на општините, општината во градот Скопје и/или Градот Скопје може согласно став (3) од овој член, да определат одделна општина односно општини преку своите овластени инспектори да врши инспекциски надзор во животната средина само во определена област и/или медиум на животната средина или специјализирана активност на подрачјето на сите општини на начин определен во склучената спогодба за меѓуопштинска соработка.

(5) Во спогодбата за меѓуопштинска соработка со која се формира заедничка администрација за вршење инспекциски надзор во животната средина задолжително се определуваат обврските на овластените инспектори согласно закон, подрачјето на кое ќе дејствуваат, распределбата на трошоците за вршење инспекциски надзор во животната средина, како и исполнувањето на други обврски кои произлегуваат од овој и друг закон, а се поврзани со вршење на инспекциски надзор во животната средина.

(6) Заради поефикасно спроведување на прописите од областа на животната средина на локално ниво, градоначалникот на општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје, може да назначи овластен инспектор за определен период да врши, инспекција само за определена област и/или медиум и/или за определени специјализирани активности.

## IV.ПЛАНИРАЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**Член 15**
**Планирање на инспекциски надзор во животната средина**

Планирањето на инспекциски надзор во животната средина се врши преку донесување на:

- Национална Стратегија за инспекциски надзор во животната средина;
- Програма за инспекциски надзор во животната средина за Република Северна Македонија;
- Годишен план за инспекциски надзор во животната средина и
- Месечен план за инспекциски надзор во животната средина.

**Член 16**
**Национална Стратегија за инспекциски надзор во животната средина**

(1) Согласно политиките и целите за животната средина утврдени во стратешките и планските документи за животната средина, како и целите утврдени во прописите од областа на животната средина, Владата на Република Северна Македонија на предлог на директорот на Инспекторатот донесува Национална стратегија за инспекциски надзор во животната средина (во натамошниот текст: Стратегија).

(2) Стратегијата од став (1) на овој член се донесува за период не помал од шест години и истиот се однесува на инспекциски надзор во животната средина на целата територија на Република Северна Македонија на субјектите кои вршат дејности и активности кои се предмет на инспекциски надзор во животната средина.
(3) Стратегијата особено содржи:
- генерален преглед на состојбата со спроведувањето на прописите од областа на животна средина;
- цели и мерки за подобрување на состојбата со спроведување на прописите од областа на животната средина;
- приоретизација на медиумите и области за инспекциски надзор во животната средина во периодот за кој се донесува Стратегијата;
- начин на остварување на соработка, координација и подобрување на истата помеѓу државните и овластените инспектори, како и со другите инспекциски служби на централно и локално ниво;
- идентификување на потребите и областите за стручно оспособување и усовршување на инспекторите;
- финансиски и човечки ресурси потребни за реализација на Стратегијата и
- други прашања кои согласно прописите за животна средина треба да бидат опфатени со Стратегијата.
(4) Надлежен орган за подготовка на Стратегијата е Инспекторатот.
(5) Стратегијата може да се менува и/или дополнува најмалку еднаш по истекот на три години од нејзината реализација, а по потреба и порано доколку измената односно дополнувањето се врши поради некои од условите дадени во став (6) од овој член, а задолжително се донесува нова Стратегија по истекот на рокот за кој е донесена.
(6) Изменување и дополнување на Стратегијата задолжително се врши во следните случаи:
- промена на политиките/прописите за животна средина кои значително влијаат на реализација на Стратегијата;
- значителна промена на активностите и/или дејностите во одредени индустриски сектори и/или области и/или медиуми на животната средина кои се предмет на Стратегијата и влијаат на нејзината реализација и
- врз основа на резултатите од следењето на спроведувањето на Стратегијата е утврдено дека целите кои се поставени во истата се исполнети или пак зададените цели не придонеле кон подобрување на состојбата со животната средина и очекуваните резултати.
(7) При изработката на Стратегијата задолжително се почитува постапката за донесување на плански документи и за учество на јавноста пропишана во Законот за животната средина.
(8) Изменувањето и дополнувањето на Стратегијата се врши на ист начин како што се донесува.
(9) Формата и содржината на Стратегијата од став (1) од овој член ја донесува министерот кој раководи со органот на државната управа од областа на животната средина (во натамошниот текст: министерот) на предлог на Директорот на Инспекторатот.

**Член 17**

**Програма за инспекциски надзор во животната средина**

(1) Реализацијата на Стратегијата се врши преку донесување на Програма за инспекциски надзор во животната средина на Република Северна Македонија (во

натамошниот текст: Програма).
(2) Програмата се донесува на секои три години.
(3) Програмата особено содржи :
- приоритетни области и медиуми за инспекција во животната средина за периодот за кој се донесува Програмата;
- цели и мерки за унапредување на состојбата со спроведување на инспекцискиот надзор во планираниот период;
- податоци за регистар на субјекти на надзорот;
- финансиски средства потребни за реализација на Програмата;
- потребни административни капацитети и распределување на обврските помеѓу инспекциските служби за реализација на Програмата;
- цели, мерки и насоки за подготовка на Годишен план за инспекциски надзор од членот 19 од овој закон и
- индикатори за следење на реализација на Програмата и други прашања кои произлегуваат од прописите за животната средина и се значајни за спроведување на инспекцискиот надзор во животната средина.
(4) Програмата ја донесува Инспекторатот врз основа на предлози подготвени од страна на Општините во Република Северна Македонија и Градот Скопје.
(5) Општините во Република Северна Македонија и Градот Скопје своите предлози ги доставуваат во вториот квартал од последната година на спроведување на тековната Програма.
(6) Општините и/или градот Скопје кои имаат заедничка администрација за вршење на инспекциски надзор во животната средина согласно член 14 став (3) од овој закон, можат да достават заеднички предлози до Инспекторатот.
(7) Формата и содржината на образецот на Програмата, начинот на подготовка, како и начинот на следење на реализацијата ја пропишува министерот на предлог на Директорот на Инспекторатот.

**Член 18**
**Следење на реализација на Стратегијата и Програмата**

(1) Реализацијата на Стратегијата од членот 16 и Програмата од членот 17 од овој закон ја следи Инспекторатот.
(2) Инспекторатот во последниот квартал пред истекувањето на Програмата до Владата на Република Северна Македонија поднесува извештај за реализација на Стратегијата и Програмата.
(3) Извештајот од ставот (2) на овој член, Инспекторатот го подготвува врз основа на:
- следењето на реализацијата на Стратегијата, Програмата и плановите од овој закон;
- извештаите за реализација на годишните планови за извршени инспекциски надзори во животната средина на централно и локално ниво;
- степенот на остварување на целите и мерките утврдени во Стратегијата и Програмата и
- како и врз основа на други податоци со кои располага Инспекторатот односно општината, општината во градот Скопје и градот Скопје.

**Член 19**
**Годишен план за инспекциски надзор во животната средина**

(1) Реализација на Програмата се врши преку годишен план за инспекциски надзор

во животната средина (во натамошниот текст: Годишен план) кој го донесува Директорот.
(2) Годишниот план од ставот (1) на овој член се состои од:
- Годишен план за инспекциски надзор во животната средина на Инспекторатот и
- Годишен план за инспекциски надзор во животната средина на единиците на локална самоуправа.

(3) Годишниот план од став (1) на овој член особено содржи :
- целите кои инспекцискиот надзор треба да ги постигне во тековната година;
- планирани редовни инспекциски надзори во животната средина на целата територија на Република Северна Македонија;
- начини и области на соработка и координација со релевантните органи и институции при вршењето на планираниот инспекциски надзор и
- други податоци значајни за вршење на инспекциски надзор во животната средина на територијата на Република Северна Македонија.

(4) Во годишниот план од ставот (1) од овој член задолжително се содржани податоци и за начинот на кој ќе се врши следењето на реализацијата на годишниот план од овој закон.
(5) Годишниот план од став (1) на овој член за наредната година се донесува најдоцна до 30 декември во тековната година.
(6) Годишен план од став (1) на овој член се објавува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(7) Формата и содржината на образецот на Годишниот план од став (1) на овој член, начинот на подготовка и донесување, како и начинот и постапката на следењето на неговата реализација ја пропишува министерот на предлог на директорот на Инспекторатот.

**Член 20**

**Годишен план за инспекциски надзор во животната средина на Државниот инспекторат за животна средина**

(1) Годишен план за инспекциски надзор во животната средина на Инспекторатот од член 19 став (2) алинеја 1 се подготвува согласно одредбите од Законот за инспекциски надзор.
(2) Реализацијата на годишен план од став (1) на овој член се врши согласно одредбите од Законот за инспекциски надзор.

**Член 21**

**Годишен план за инспекциски надзор во животната средина на единиците на локална самоуправа**

(1) Годишен план за инспекциски надзор во животната средина на единиците на локална самоуправа се подготвува согласно одредбите од Законот за инспекциски надзор.
(2) Планот од ставот (1) од овој член, градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје, го доставува до Инспекторатот најдоцна до 15 ноември во тековната година.
(3) Градот Скопје подготвува годишен План за инспекциски надзор во животната средина за градот Скопје во кој ги вклучува едногодишните планови за инспекциски надзор на општините во градот Скопје.
(5) За општините и/или градот Скопје кои имаат заедничка администрација за вршење на инспекциски надзор во животната средина согласно член 14 став (3) од

овој закон, се подготвува заеднички годишен план за инспекциски надзор во животната средина на општините и/или градот Скопје.
(6) Инспекторатот доколку смета дека постојат одредени пропусти во годишниот план од ставот (1) на овој член односно дека истиот не е во насока на реализација на Стратегијата од членот 16 и Програмата од членот 17 од овој закон е должен во рок од 15 дена да побара од општината и градот Скопје да го дополнат годишниот план со задолжително укажување на направените пропусти и недостатоците во годишниот план.
(7) Градоначалникот на општината и градот Скопје се должни во рок од 7 дена од денот на добивањето на забелешките од ставот (7) на овој член да достави дополнет предлог годишен план до Инспекторатот.
(8) Доколку градоначалникот од став (7) на овој член во дадениот рок не постапи по дадените забелешки, Инспекторатот во Годишниот план за спроведување на инспекциски надзор ќе ги вклучи и другите мерки кои смета дека се потребни за спроведување на инспекциски надзор во животната средина.

**Член 22**
**Следење на реализацијата на Годишниот план за инспекциски надзор во животната средина на единиците на локална самоуправа**

(1) Инспекторатот подготвува заеднички годишен извештај за животна средина врз основа на извештаите за работа на Инспекторатот и единиците на локална самоуправа подготвени согласно одредбите на Законот за инспекциски надзор.
(2) Инспекторатот извештајот од ставот (1) од овој член го објавува на својата веб страница најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

(3) Формата и содржината на извештајот од ставот (1) од овој член, како и начинот и постапката за негова подготовка го пропишува министерот на предлог на Директорот.

**Член 23**
**Месечен план за инспекциски надзор во животната средина**
За реализација на Годишниот план Директорот, односно градоначалникот на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје донесуваат месечен план за инспекциски надзор во животната средина согласно одредбите од Законот за инспекциски надзор.

## V. ВИДОВИ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
**Член 24**

**Видови на инспекциски надзор во животната средина**
(1) Инспекцискиот надзор во животната средина се спроведува како:
- Редовен инспекциски надзор,
- Вонреден инспекциски надзор и
- Контролен инспекциски надзор.

(2) Инспекцискиот надзор во животната средина се спроведува како најавен или ненајавен инспекциски надзор.

**Член 25**

**Редовен инспекциски надзор**

Редовен инспекциски надзор е надзорот кој е планиран однапред со предвиден распоред согласно годишен и месечен план.

**Член 26**

**Вонреден инспекциски надзор**

(1) Вонреден инспекциски надзор се врши по службена должност или врз основа на пријава/иницијатива поднесена од физичко или правно лице, орган на државна управа или единица на локална самоуправа, како и по писмена наредба на министерот, директорот, односно раководното лице кое раководи со инспекциската служба доколку:

- се поднесени пријави и иницијативи кои укажуваат на постоење на загрозување на животната средина и здравјето на луѓето;
- настанала или кога постои опасност од хаварија или инцидент која може да има значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето;
- се добиени сознанија дека е направено прекршување на условите пропишани во прописите или актите со кои е регулирано вршењето на дејноста и/или активноста поради нивното влијание врз животната средина;
- потребно е преземање на дополнителни мерки за спроведување на прописите од областа на животната средина;
- при настанување на измени во прописите за заштита на животната средина со што се менуваат условите на вршењето на дејноста и/или активноста и
- кога согласно закон е пропишано дека е потребно спроведување на инспекциски надзор за издавање, измена или ревизија на актот со кој е регулирано вршењето на дејноста или во друг случај пропишан со закон.

(2) Вонреден инспекциски надзор се врши на начин пропишан во Законот за инспекциски надзор, како и согласно актите донесени од директорот на Инспекторатот со кои се определуваат одредени специфичности соодветни за природата на надзорот во животната средина.

**Член 27**

**Контролен инспекциски надзор**

(1) Контролен инспекциски надзор се врши по истекот на рокот во кој субјектот на надзорот бил задолжен со инспекциски акт да преземе мерки за отстранување на неправилностите и надминување на претходно констатираната состојба.

(2) Непостапувањето или делумното постапување по инспекцискиот акт претставува основ за примена на инспекциска мерка согласно закон.

**Член 28**

**Најавен и ненајавен инспекциски надзор**

(1) Најавен инспекциски надзор е надзорот кој се спроведува по претходна најава во писмена или електронска форма која се испраќа до субјектот на надзор во која е определено времето, целта и обемот на надзорот.

(2) Ненајавен инспекциски надзор е надзорот кој се спроведува во случај кога инспекторот основано се сомнева дека субјектот на надзор дејноста/активноста ја врши спротивно на прописите од областа на животната средина или доколку смета дека на тој начин би се постигнал поголем ефект и веродостојност на спроведениот инспекциски надзор.

(3) Директорот на Инспекторатот може да донесе упатства со кои ќе го определи

начинот и формата на најавата за инспекциски надзор од став (1) од овој член, како и за начинот на спроведување на ненајавен инспекциски надзор во областа на животната средина.

## VI. ПРАВА, ОБВРСКИ И ОВЛАСТУВАЊЕ НА ИНСПЕКТОРИТЕ

### Член 29

### Посебни услови за работа на инспекторите

(1) За вршење на инспекциски надзор во животната средина, покрај општите услови за работа утврдени во прописите за работни и административни односи, на инспекторите треба да им се обезбедат и посебни услови за работа со кој ќе се гарантира соодветен степен на заштита и тоа:

- обезбедување на соодветна опрема и средства за вршење на инспекциски надзор согласно видот на надзорот;
- користење на заштитна опрема за лична безбедност за време на вршење на инспекцискиот надзор доколку постои опасност по здравјето и безбедноста на инспекторот и
- осигурување од ризици настанати при работа согласно закон.

(2) Во исклучителни случаи заради спречување односно отстранување на негативно влијание врз животната средина и здравјето на луѓето, инспекторот може да биде задолжен да врши активно и пасивно дежурство, за што му следува додаток.

(3) За пасивно дежурство ќе се смета сето време надвор од редовното работно време на инспекторот, во кое треба да биде достапен и подготвен веднаш да одговори на повик за да спроведе инспекциски надзор на лице место.

(4) За активно дежурство ќе се смета сето време надвор од редовното работно време на инспекторот, во кое тој престојува на местото каде се спроведува инспекцискиот надзор заради спроведување на мерки за спречување односно отстранување на негативното влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.

(5) Средствата за исплата на додатокот на државните инспектори од ставот (4) на овој член се одвојуваат од буџетот на Инспекторатот, а за овластените инспектори од буџетот на општината, општината во градот Скопје или градот Скопје.

(6) Начинот на ангажирање на инспекторите за вршење на активно односно пасивното дежурство, времетраењето на дежурството и висината на додатокот за активно односно пасивно дежурство го определува Директорот односно градоначалникот со одлука.

### Член 30

### Стручно оспособување и усовршување на инспекторите

(1) За реализација на обврските кои произлегуваат од планските документи и прописи за инспекциски надзор во животната средина, инспекторот има право и должност на постојано стручно оспособување и усовршување за вршење на работите на инспекциски надзор во животната средина.

(2) Предлогот за специјализирано стручно оспособување и усовршување на државните инспектори го подготвува Директорот на Инспекторатот на предлог на државните инспектори.

(3) Предлогот за специјализирано стручно оспособување и усовршување на овластените инспектори го подготвува градоначалникот на општината, градоначалникот на општината во градот Скопје и градоначалникот на градот Скопје на предлог на овластените инспектори и истиот се доставува до Директорот на Инспекторатот.

(4) За општините кои имаат заедничка администрација согласно членот 14 став (3) од овој закон, се подготвува заеднички предлог за специјализирано стручно оспособување и усовршување.

(5) Предлогот од ставовите (2) и (3) од овој член се подготвува за временски период за кој се подготвува Стратегијата од членот 16 од овој закон.
(6) Предлогот од ставовите (2) и (3) на овој член задолжително содржи:
- анализа на потребите за специјализирано стручно оспособување и усовршување за вршење на инспекциски надзор во животната средина;
- специјализирани области за стручно оспособување и усовршување;
- начинот на спроведување на специјализираното стручното оспособување и усовршување и
- потребните финансиски ресурси, како и временска рамка за реализација на предлогот.
(7) Предлогот од ставовите (2) и (3) од овој член е дел од Стратегијата од членот 16 од овој закон.

## VII. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

### Член 30

### Право на пристап

(1) Државниот инспектор врши инспекциски надзор над субјектите на надзорот, во секое време и на лице место, со или без претходна најава во и околу деловните простории, инсталациите, објектите, како и на суровините, средствата и опремата за вршење на дејноста и/или активноста за која со соодветен акт, издаден од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина односно од стручниот орган, е регулирано вршењето на дејноста и/или активноста и се пропишани условите под кои истите можат да се вршат поради нивното влијание врз животната средина, како и со акт издаден од друг орган на државната управа кога согласно закон е пропишана таква обврска.
(2) Овластениот инспектор врши инспекциски надзор, над правни и физички лица, во секое време и на лице место, без претходна најава во и околу деловните простории, инсталациите, објектите, како и на суровините, средствата и опремата за вршење на дејноста и/или активноста за која со соодветен акт, издаден од општината, општината во градот Скопје односно од градот Скопје, е регулирано вршењето на дејноста и/или активноста и се пропишани условите под кои истите можат да се вршат поради нивното влијание врз животната средина.
(3) Државниот инспектор врши инспекциски надзор во секое време и на лице место, со или без претходна најава во и околу деловните простории, инсталациите, објектите, како и на суровините, средствата и опремата за вршење на дејноста и/или активноста, доколку добие сознание или е известен дека овластениот инспектор за животна средина не постапил по основ на добиена пријава и/или сознание од страна на други државни органи, организации, институции, правни и физички лица, како и од средствата за јавно информирање.
(4) Доколку овластениот инспектор за животна средина има сознание дека постојат неправилности во поголем обем во субјектите на надзорот за кои надлежен да постапува е Државниот инспектор, должен е без одлагање да го информира Инспекторатот.
(5) При вршењето на инспекциски надзор, по потреба и на барање на инспекторот може да присуствува службено лице од стручниот орган, односно од организационата единица за животна средина при општината, општината во градот Скопје и од градот Скопје, како и други стручни установи и правни лица, ако за утврдување на битни факти или околности е потребно стручно мислење.
(6) На барање на инспекторот, овластено службено лице на органот на државната управа надлежен за внатрешни работи е должно да учествува при спроведувањето на инспекцискиот надзор.
(7) При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот има право на пристап во

технолошките, производствените и други процеси коишто се дел од дејностите и/или на активностите на субјектот на надзорот.
(8) При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот има право да запечати простории и/или предмети во временски период потребен за обезбедување на докази потребни за спроведување на прекршочната или кривична постапка.

**Член 31**
**Земање на примероци за анализа**

(1) При водење на инспекциската постапка, инспекторот во случај на итна и неодложна ситуација, а заради идентификација на изворите и обемот на загадувањето може да земе примероци за анализа од вода, воздух и почва, супстанции и материи кои се испуштаат во животната средина, суровини, отпадни материи, производи и друго.
(2) Во редовна постапка, инспекторот може да ангажира субјект кој поседува соодветна акредитација за земање на примероците од ставот (1) на овој член и вршење на лабораториски анализи од областа на животна средина.
(3) Постапката за земање на примероци за анализа ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа од областа на животната средина на предлог на Директорот на Инспекторатот.

**Член 32**
**Собирање и обезбедување на докази**

(1) Секое физичко или правно лице, по барање на инспекторот ги прави достапни сите информации, вклучувајќи ги и материјалните и економските податоци, кои се важни за проценување на состојбата.
(2) Инспекторот, со цел да го утврди влијанието врз животната средина, има право од субјектите на надзорот:
- да побара да му се достават резултатите од извршените испитувања, анализи и мерења;
- да побара да се земат примероци, да се анализираат и да се измерат супстанциите и материите што се испуштаат во животната средина, како и бучавата и вибрациите;
- да побара да се земат примероци и да се анализираат материјалите и производите, употребени или процесирани, суровините и отпадните производи, доколку има такви;
- да врши фотографирање или на друг начин да спроведува забележување на настанатата состојба;
- да ги разјасни причините кои предизвикуваат загадување и деградација на животната средина;
- да земе изјави од одговорните, службените, овластените и лицата затекнати, како и од други лица, што се релевантни за утврдување на нивото и видот на загадувањето;
- да изврши анализа или да побара да се изврши мерење, испитување и анализа на емисии, и
- да преземе и други дејствија или активности со цел обезбедување на докази кои се релевантни за утврдување на фактичката состојба.
(3) Испитувањата, анализите и мерењата од ставот (2) алинеи 2, 3 и 7 на овој член, се врши од страна на акредитирани субјекти кои согласно закон ги исполнуваат пропишаните услови за вршење на наведените активности.

**Член 33**

**Одземање на предмети**

(1) Инспекторот може привремено да одземе документи или други предмети (движни ствари) од жива и нежива природа кога ќе смета дека се неопходни да послужат како доказен материјал во прекршочната икривичната постапка или кога е потребно да се спречи некоја потешка последица врз здравјето на луѓето и животната средина.

(2) За одземените предмети инспекторот задолжително му издава потврда согласно одредбите од Законот за инспекциски надзор.

(3) Привремено одземените документи и/или предмети од ставот (1) на овој член мора да се чуваат во соодветни простории во органот или кај други субјекти кои согласно закон ги исполнуваат условите за чување на одземените документи и/или предмети кои одговараат на тие документи и/или предмети со цел истите до денот на предавањето на органот надлежен за водење на соодветната прекршочна или кривична постапка да останат неоштетени и непроменети и безбедни од отуѓување.

(4) Трошоците за чување и складирање на одземените документи и/или предмети паѓаат на товар на субјектот од кој се одземени.

(5) Одземањето на предметите и постапувањето со истите се врши согласно со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.

**Член 34**

**Трошоци од инспекциска постапка**

(1) Трошоците настанати за активности спроведени за време на редовен инспекциски надзор се на товар на Инспекторатот односно на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје.

(2) По исклучок од став (1) на овој член, трошоците за спроведениот инспекциски надзор се на товар на субјектот на надзорот доколку инспекцискиот надзор заврши со изрекување на инспекциска мерка.

(3) Трошоците за активностите спроведени за вонреден инспекциски надзор се на товар на субјектот на надзорот доколку инспекциската постапка заврши со изрекување на инспекциска мерка.

(4) Трошоците за активностите спроведени при контролен инспекциски надзор се на товар на субјектот на надзорот.

(5) Доколку при спроведување на инспекциски надзор постои потреба од земање на примероци и се спроведени анализи и мерења согласно членовите 31 и 32 од овој закон, трошоците ќе ги сноси субјектот на надзорот доколку со анализите и мерењата е утврдено дека ги прекршил прописите од областа на животната средина.

(6) Доколку анализите и мерењата покажат дека субјектот не направил прекршување на прописите за животна средина, трошоците на инспекцискиот надзор ќе ги сноси Инспекторатот односно општината, општината во градот Скопје и градот Скопје.

(7) Трошоците за извршен инспекциски надзор од страна на државниот инспектор се уплаќаат на посебна сметка на Буџетот на Република Македонија, а ќе се користат за покривање на трошоците од извршениот надзор, како и за покривање на трошоците за извршените анализи и мерења.

(8) Трошоците за извршен инспекциски надзор од страна на овластениот инспектор се уплаќаат на посебна сметка на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, а ќе се користат за покривање на трошоците од извршениот надзор, како и за покривање на трошоците за извршените анализи и мерења.

(9) Основни критериуми за утврдување на висината на трошоците за спроведување

на инспекцискиот надзор, се реалните трошоци направени при вршењето на инспекцискиот надзор, како и реалните трошоци направени за спроведените анализи и мерења, како и трошоците за превоз.
(10) За трошоците на постапката кои се познати во моментот на донесувањето на решението од страна на инспекторот се одлучува во самото решение, а доколку трошоците не се познати во моментот на донесување на решението се одлучува со посебно решение.
(11) Видот и начинот на пресметка на трошоците на инспекцискиот надзор во животната средина ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа од областа на животната средина на предлог на директорот на Инспекторатот.

## VIII. ИНСПЕКЦИСКИ АКТИ

### Член 35

### Инспекциски акти

При вршење на инспекциски надзор во животната средина, инспекторот со решение изрекува опомена и со решение изрекува други инспекциски мерки согласно одредбите на овој закон и Законот за инспекциски надзор.

### Член 36

### Записник од извршен инспекциски надзор

(1) За извршениот инспекциски надзор инспекторот составува записник на местото на вршење на инспекцискиот надзор.
(2) Во записникот се забележуваат утврдената фактичка состојба со детален опис, констатираните неправилности и изјави од присутните лица.
(3) Кон записникот се приложуваат документи, акти, фото-документација направена на лице место, извештаи и друго доколку инспекторот смета дека се релевантни за утврдување на фактичката состојба.
(4) Записникот го потпишуваат инспекторот и претставник на субјектот на надзорот и еден примерок од записникот му се предава на субјектот на надзорот.
(5) Во случај кога инспекцискиот надзор се врши без присуство на овластен претставник на субјектот, записникот се доставува до субјектот по пошта.
(6) Доколку во рок од осум дена од денот на приемот на записникот, субјектот на надзорот не се произнесе за записникот или не го врати потпишан, се смета дека е согласен со неговата содржина.
(7) Доколку поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор или други околности не е можно да се состави записник на лице место во текот на спроведувањето на инспекцискиот надзор, записникот може да се состави во службените простории на инспекторот во рок од три дена од денот на завршувањето на инспекцискиот надзор, при што во записникот се наведува образложение зошто записникот е составен во службените простории на инспекторот.
(8) Во случаите од ставот (7) на овој член, инспекторот повикува овластен претставник на субјектот на надзорот во службените простории на инспекторот да го потпише записникот, во рок не подолг од три дена од денот на изготвувањето на записникот.
(9) Доколку субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, инспекторот ќе го наведе тоа во записникот.
(10) Доколку при вршење на инспекциски надзор не се утврдени неправилности, или неправилностите се отстранети во текот на надзорот или во рокот утврден со решението, инспекторот ја запира постапката со констатација во записникот.

**Член 37**
**Опомена**

(1) Доколку при вршење на инспекциски надзор инспекторот констатира одредена неправилност од помал обем која е пропишана во прописите од областа на животната средина, со решение определува мерка опомена, во кое е определен рокот во кој треба да се отстранат недостатоците и неправилностите.
(2) Доколку инспекторот утврди дека субјектот не постапил во дадениот рок, со решение изрекува друга инспекциска мерка согласно членот 38 од овој закон и пропосите од областа на животната средина.

**Член 38**
**Решение**

(1) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот утврди дека субјектот на надзорот не се придржува кон прописите од областа на животната средина, дадените стандарди и други акти со кои е регулирана активноста/дејноста, инспекторот со решение изрекува инспекциски мерки како што се:
- задолжување/наредба, за отстранување на неправилностите и штетните последици што настанале со загадувањето или со деградацијата на животната средина и на природата, и доведување на животната средина во претходна состојба;
- забрана, која може да се однесува на целокупната работа на субјектот, на дел од инсталацијата, на употребата на технологија, технолошка линија на производи, полупроизводи, суровини, опрема, апарати и уреди кои имаат штетно дејство и кои не ги исполнуваат пропишаните услови;
- ограничување, на загадувањето со употребата на технологија, технолошка линија на производи, полупроизводи, суровини, опрема, апарати и уреди кои имаат штетно дејство и кои не ги исполнуваат пропишаните услови, или ограничување на обемот на активноста/дејноста кои предизвикуваат штетни последици врз животната средина, кое се однесува на временски период од денот или друг временски период во кој се врши активноста/дејноста што предизвикува штетни последици врз животната средина и друго;
- задолжување за преземање на превентивни мерки;
- други мерки определени со посебните прописи од областа на животната средина.
(2) Во решението се определува рокот за реализација на инспекциските мерки од ставот (1) од овој член за отстранување на неправилностите и штетните последици.
(3) Мерките за отстранување на неправилностите и штетните последици што настанале како резултат на непочитување на прописите, инспекторот може да ги определи во соработка со стручниот орган, односно организационата единица одговорна за животната средина во општината, општината во градот Скопје и градот Скопје.
(4) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот утврди дека рокот утврден со решението од ставот (2) на овој член очигледно не е доволен за субјектот на надзорот да ги преземе утврдените мерки во решението, инспекторот може да определи дополнителен рок доколку постои можност за тоа согласно одредбите на посебниот закон.
(5) Доколку субјектот на надзорот не постапи согласно со решението на инспекторот од став (1) на овој член и не ги отстранат причините за настанатата состојба утврдени со решението, инспекторот поднесува барање за поведување на прекршочна, односно кривична постапка пред надлежен орган.
(6) Ако при вршењето на  инспекцискиот надзор, инспекторот утврди дека субјектот

на надзорот не се придржува кон законите и другите прописи, техничките прописи, стандарди и други општи акти и покрај определувањето на рокот во кој неправилностите треба да се отстранат, инспекторот може да поднесе барање за поведување прекршочна, односно кривична постапка пред надлежниот орган.
(7) Во случај кога ќе се утврди постоење на непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето, инспекторот може да издаде усно решение за итно и неодложно отстранување на утврдените недостатоци кои ги констатирал при увидот.
(8) Ако констатираните неправилности од ставот (7) на овој член, претставуваат опасност за животната средина, животот и здравјето на луѓето, инспекторот може веднаш да издаде усно решение со која го забранува вршењето на дејноста и/или активностите, како и да забрани употреба на средствата и опремата за вршење на дејноста и/или активност.
(9) Во случаите од ставовите (7) и (8) на овој член, инспекторот донесува писмено решение во рок од осум дена од денот на донесувањето на усното решение.
(10) Против решението на инспекторот може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на актот до Државната комисија за инспекциски надзор и прекршочна постапка во втор степен.

**Член 39**
**Стандардни оперативни процедури**

(1) Инспекторот при вршење на инспекциски надзор може да користи стандардни оперативни процедури.
(2) Стандардните оперативни процедури претставуваат збир на пишани инструкции во кои се опишуваат процедурите и процесите при вршење на инспекциски надзор со преземање на соодветни мерки, со определување на улогите и обврските на инволвираните страни во инспекцискиот надзор.
(3) Во стандардните оперативни процедури можат да се вклучат и користат листи на проверка кои претставуваат дел од процедурата.
(4) Стандардните оперативни процедури ги изработува и донесува Директорот на Инспекторатот.
(5) Ревизија на стандардните оперативни процедури се прави периодично, но не подолго од период на две години.

**Член 40**
**Листи на проверка**

(1) Инспекторите при вршење на инспекциски надзор користат листи на проверка.
(2) Целта на употребата на листи на проверка при инспекцискиот надзор е да се обезбедат релевантни, специфични и објективни податоци/информации за идентификување на влијанијата кои ги врши или може да ги врши субјектот на надзор врз животната средина.
(3) Секоја листа на проверка ги содржи најмалку следните елементи :
- општи податоци за субјектот на надзор, вклучително и документацијата со која ја има регулирано дејноста/активноста согласно прописите од областа на животната средина,
- специфични податоци за субјектот на надзор кои се однесуваат на влијанијата врз медиумите и областите од животната средина и негово постапување и усогласеност со прописите и
- простор за дополнителни информации, во кои се внесуваат забелешки.

(4) За добивање на податоци и информации во листите на проверка може да се користат формулари со поставени прашања на едноставен начин, кои се разбирливи и насочени, со цел одговорите на прашањата да бидат точни, кратки и прецизни.
(5) Податоците од листите на проверка соодветно се вградуваат во записникот од направениот надзор, како и во другите инспекциски акти доколку е потребно.
(6) Листите на проверка ги донесува соодветната инспекциската служба од членовите 12 и 13 од овој закон.
(7) Инспекциската служба врши ажурирање на листите за проверка најмалку еднаш годишно.

**Член 41**
**Методологија за проценка на ризик и зачестеноста на спроведување на инспекцискиот надзор во животната средина**

(1) Влијанието на дејноста и/или активноста што ја врши субјектот на надзор врз животната средина се утврдува врз основа на проценка на ризикот врз животната средина.
(2) Критериумите за проценка на ризикот и зачестеноста на спроведување на инспекцискиот надзор се пропишани во Законот за инспекциски надзор.
(3) Дополнително, за да се утврди влијанието на дејноста и/или активноста врз животната средина, можат да се користат специфични критериуми за процена на ризикот врз животната средина од став (1) на овој член, а кои се пропишани согласно методологијата, критериумите и упатствата за инспекција на животната средина кои се користат во рамките на Европската Унија и истите се разликуваат во зависност од видот и специфичностите на инсталацијата односно субјектот на надзорот.
(4) За проценка на ризикот во животна средина од став (3) можат да се употребуваат софтверски алатки и математичко моделирање.
(5) Директорот на Инспекторатот донесува методологија за спроведување на процената на ризикот од ставот (1) на овој член за определени дејности и/или активности, согласно која се планира инспекцискиот надзор во животната средина и се определува зачестеноста на вршење на инспекциски надзор на определени субјекти, и согласно тоа се определува минималниот, односно максималниот временскиот период помеѓу два редовни инспекциски надзори.

**Член 42**
**Извештај од извршен инспекциски надзор за дејности и активности кои имаат значително влијание врз медиумите и областите на животната средина**

(1) За спроведувањето на инспекциски надзор над субјектите на надзорот кои вршат активности и/или дејности за кои е потребно поседување интегрирана еколошка дозвола, инспекторот е должен покрај инспекциските акти, да подготви и извештај од извршен инспекциски надзор.
(2) Извештајот од став (1) од овој член се подготвува врз основа на спроведен инспекциски надзор и истиот содржи детален опис на фактичката состојба врз основа на која се утврдува исполнетоста на условите за работа на субјектот пропишани во инспекцискиот акт со кој се одобрува работа на субјектот.
(3) Извештајот од став (2) од овој член, задолжително содржи и предлози за исполнување на условите за работа на субјектот на надзорот, како и заклучоци со предлог идни активности за подобрување на работата на субјектот на надзорот.
(4) Инспекторот при подготовка на извештајот од став (1) од овој член е должен да ги разгледа и да ги земе во предвид сите претходни извештаи со кои располага

субјектот на надзорот, податоците од сопствениот мониторинг, како и други документи и податоци потребни за испитување на целосното влијание кое субјектот на надзорот го има врз животната средина.
(5) Составен дел од извештајот од став (1) од овој член се инспекциските акти издадени согласно Законот за инспекциски надзор и прописите за животна средина.
(6) Инспекторот, е должен најдоцна во рок од два месеци од извршениот инспекциски надзор да подготви предлог извештај од став (1) од овој член и истиот да го достави до субјектот на надзорот.
(7) Субјектот на надзорот по добивање на предлог извештајот од став (5) од овој член во рок од седум дена од денот на добивање на извештајот може да достави забелешки по истиот.
(8) Доколку во наведениот рок од став (6) од овој член субјектот не достави забелешки по предлог извештајот ќе се смета дека се согласува со истиот.
(9) По истекот на рокот од став (5) од овој член, но не подоцна од истекот на четири месеци од извршената инспекција, инспекторот е должен да го донесе извештајот кој го доставува до субјектот на надзорот.
(10) Извештајот од став (5) од овој член ќе биде јавно достапен согласно постапката за пристап до информации од областа на животната средина пропишана со Законот за животната средина.
(11) Формата и содржината на извештајот од став (1) од овој член, начинот на подготовка и донесување на извештајот и неговото објавување ја пропишува министерот на предлог на директорот на Инспекторатот.

## IX. ИНФОРМАТИВЕН СИСТЕМ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### Член 43

### База на податоци за инспекција во животна средина

(1) Заради следењето на реализацијата на инспекцискиот надзор во животната средина се воспоставува база на податоци за инспекциски надзор во животната средина.
(2) Базата на податоци од став (1) на овој член се води во електронска форма и истата ја воспоставува, одржува и развива Инспекторатот.
(3) Базата на податоци од ставот (1) на овој член содржи податоци од преземени активности во инспекцискиот надзор во животната средина на централно и локално ниво.
(4) Инспекторот во базата од ставот (1) на овој член задолжително ги внесува потребните податоци за извршените инспекциски активности.
(5) Директорот на Инспекторатот донесува упатства за формата и содржината, начинот на водење и одржување на базата на податоци за инспекциски активности, начинот на доставување на податоците за инспекциски активности од инспекторите, размена на информациите за инспекциски надзор во животната средина на централно и локално ниво, како и со другите органи на државната управа.
(6) Податоците од базата на податоци за инспекциски надзор се достапни за јавноста согласно закон.

### Член 44

### Регистар за субјекти на инспекциски надзор во животната средина

(1) Инспекторатот воспоставува и води Регистар на субјекти на инспекциски надзор во животната средина.

(2) Регистарот од ставот (1) од овој член ги содржи најмалку следните податоци за субјектите на надзорот:
1) податоци за субјектот на надзорот (назив, адреса и седиште);
2) видот на дејноста/активноста која ја врши;
3) видот на актот согласно кој субјектот ја врши дејноста;
4) и други потребни податоци.
(3) Регистарот од ставот (1) од овој член се ажурира најмалку еднаш годишно.
(4) Формата и содржината на Регистарот ја пропишува министерот на предлог на Директорот на Инспекторатот.

## X. СОРАБОТКА ВО ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР ВО ОБЛАСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### Член 45

### Меѓународна соработка на Државникот инспекторат за животна средина

(1) Инспекторатот остварува меѓународна соработка, преку членување во меѓународни организации и мрежи кои делуваат во областа на спроведување на инспекциски надзор во животната средина.
(2) Инспекторатот остварува меѓународна соработка со органи на државните управи на други држави кои делуваат во областа на спроведување на инспекциски надзор во животната средина.
(3) Инспекторатот со цел спречување на прекугранични негативни влијанија врз животната средина, како и заради спроведување на меѓународни договори од областа на животната средина, соработува со надлежните органи на други држави за инспекциски надзор во животната средина, како и може да спроведува заеднички инспекциски надзор во животната средина.

### Член 46

### Соработка и координација помеѓу централно и локално ниво во областа на инспекцискиот надзор во животната средина

(1) Инспекторатот се грижи и остварува соработка и координација со единиците на локална самоуправа со цел подобрување на инспекцискиот надзор на централно и локално ниво во областа на животната средина.
(2) Соработката и координацијата од ставот (1) од овој член се остварува преку формирање на времени или постојани работни тела.
(3) Инспекторатот во соработка со единиците на локална самоуправа:
- ја следат состојбата со човечките ресурси во областа на инспекциски надзор за животната средина и даваат предлози за нејзино подобрување;
- предлагаат мерки за зајакнување на административните капацитети за спроведување на инспекциски надзор во животната средина;
- дефинираат критериуми за воспоставување заедничка администрација за инспекциски надзор во животната средина;
- воспоставуваат мрежа на инспектори и стручни лица кои имаат придонес во зајакнување на капацитетите за спроведување на инспекциски надзор во животната средина;
- предлагаат остварување на меѓународна соработка во инспекцискиот надзор за животната средина;
- ги следат обврските кои произлегуваат од правото на Европската Унија за животна средина, а се поврзани со спроведувањето на инспекцискиот надзор како и предлагање на концепти за нивно соодветно вградување во националното законодавство и
- и други работи кои имаат за цел подобрување на инспекцискиот надзор во животната средина.

(4) Со критериумите од ставот (3) алинеја 3 од овој закон се утврдува обемот на

активностите за формирање заедничка администрација за инспекциски надзор во животната средина на локално ниво, големината на подрачјето и обемот на активности кои можат да му бидат доделени на еден овластен инспектор, потребниот број на овластени инспектори согласно големината на подрачјата на општините, општините во градот Скопје односно градот Скопје кои формираат заедничка администрација за инспекциски надзор во животната средина.

## XI. НАДЗОР

### Член 47

### Надзор над законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје

(1) Надзорот над законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје за спроведување на инспекциски надзор во животната средина на локално ниво, се заснова на начелото на законитост, одговорност и самостојност во остварувањето на нивните надлежности.

(2) Надзорот од ставот (1) на овој член го врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(3) Министерот формира Комисија за  надзор над спроведувањето на овој закон на локално ниво.

(4) За спроведување на надзорот од ставот (1) на овој член, министерот од ставот (3) на овој член, најдоцна до 1 март во тековната година донесува План за надзор над законитоста на работата единиците на локална самоуправа за спроведување на надзор на законот..

(5) Планот од ставот (5) на овој член се објавува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина од став (2) од овој член во рок од 5 дена од денот на неговото донесување.

### Член 48

### Надлежности во вршењето на надзорот

(1) При вршењето на надзорот над законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје за спроведување на законот на локално ниво, Комисијата:

- проверува дали општината, градот Скопје и општината во градот Скопје имаат вработено овластен инспектор за животна средина или пак е формирана заедничка администрација за вршење инспекциски надзор во животната средина согласно членот 14 од овој закон;
- оценува дали општината, градот Скопје и општините во градот Скопје ги следат и реализираат планските документи согласно одредбите на овој закон;
- дали овластените инспектори, инспекцискиот надзор во животната средина го спроведуваат согласно прописите за вршење на инспекциски надзор во животната средина донесени согласно овој закон;
- дали овластените инспектори ги доставуваат односно внесуваат податоците во базата на податоци за инспекциски надзор во животната средина.

(2) За надзорот спроведен од ставот (1) на овој член, Комисијата од членот 43 од овој закон подготвува извештај кој го доставува до Инспекторатот и до единицата на локална самоуправа над кој се спроведува надзорот.

(3) Доколку при вршење на надзорот се констатирани недостатоци, во извештајот од ставот (2) од овој член, задолжително се:

- укажува на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје за пречекорување на нивните надлежности утврдени со овој закон и друг пропис и им предлага соодветни мерки за надминување на таквата состојба;
- укажува на определени материјални и процедурални недостатоци во работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје и им се дава насоки и утврдува мерки, како и им се определува рок во кој треба да ги отстранат утврдените недостатоци;

- даваат препораки за доследно спроведување на надлежностите од инспекциски надзор во животната средина на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје и
- даваат иницијативи и предлози до општината, градот Скопје и општините во градот Скопје доколку се констатираат недостатоци во спроведувањето на овој закон.

(4) Извештајот од ставот (2) од овој член се доставува до градоначалникот на општината, градоначалникот на општината во градот Скопје и градоначалникот на градот Скопје и се определува рок во кој треба да се отстранат констатираните недостатоци односно да се постапи согласно дадените насоки и мерки во остварувањето на нивната надлежност инспекциски надзор во животната средина.

(5) Градоначалникот на општината, градоначалникот на општината во градот Скопје и градоначалникот на градот Скопје е должен да ги преземе насоките и мерките утврдени во извештајот од ставот (2) на овој член, во рокот определен во извештајот.

(6) Доколку градоначалникот на општината, градоначалникот на општината во градот Скопје и градоначалникот на градот Скопје не ги преземе утврдените насоки и мерки во определениот рок од извештајот од став (2) на овој член, министерот е должен да го предупреди градоначалникот во рок од 15 дена од денот на истекот на последниот рок утврден во извештајот од ставот (4) од овој закон.

(7) Доколку во рок од 60 дена од денот на укажувањето од став (6) на овој член градоначалникот на општината, градоначалникот на општината во градот Скопје и градоначалникот на градот Скопје не ги презеле утврдените насоки и мерки и не ги отстраниле утврдените недостатоци во извештајот од став (2) на овој член на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје им се одзема конкретната надлежност за спроведување на инспекциски надзор во животната средина.

(8) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина го задолжува Инспекторатот да го врши надзорот во случаите од став (7) од овој член, најдолго во рок од една година

(9) Инспекторатот, работите за спроведувањето на инспекцискиот надзор во животната средина за општината, градот Скопје и општините во градот Скопје од ставот (5) на овој член, ги врши во име и за сметка на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје.

(10) За преземањето на работите од ставот (8) на овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина го известува органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на локалната самоуправа и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на финансиите.

(11) Доколку и по истекот на рокот од став (6) од овој член не се отстранат недостатоците утврдени во извештајот од став (2) на овој член за спроведување на инспекцискиот надзор во животната средина против градоначалникот на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, може да поведепрекршочна постапка согласно прекршочните одредби на овој закон.

## XII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 49

### Прекршочни санкции

(1) Глоба во износ од 3.000 евра ќе му се изрече на градоначалникот односно Директорот доколку:

- не ги подготви и достави во определениот рок планските документи согласно одредбите на овој закон;
- не ја следи реализацијата на планските документи согласно одредбите на овој закон и
- не постапи согласно извештајот за спроведен надзор.

(2) Глоба во износ од 500 евра ќе му се изрече на службеното лице доколку не спроведува инспекциски надзор во животната средина согласно одредбите на овој закон.

(3) Барање за поведување на прекршочна постапка за прекршоците од ставот (1) на овој член може да поднесе министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, додека барање за поведување на прекшочна постапка за прекршоците од ставот (2) може да поднесе раководителот на органите надлежни за спроведување на овој закон и непосредниот раководител на службеното лице.

(4) Надлежен орган за изрекување на прекршочните санкции од овој член е надлежниот суд.

(5) Формата и содржината на прекршочниот платен налог го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

## XIII.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 50

### Донесување на плански документи за инспекциски надзор во животната средина

(1) Градоначалникот на општината, општината во градот Скопје и на градот Скопје се должни во администрацијата на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје најдоцна до 31 Декември 2022 година да обезбедат спроведување на инспекциски надзор во животната средина преку вработување на најмалку еден овластен инспектор кој ќе ги врши исклучиво работите на инспекциски надзор во животната средина (член 14 став (1)) или да воспостават заедничка администрација за инспекциски надзор во животната средина (член 14 став (3)).

(2) Стратегијата од членот 16 од овој закон и програмата за инспекциски надзор во животната средина од членот 17 од овој закон ќе се донесат најдоцна во рок од две години од влегувањето во сила на овој закон.

### Член 51

### Донесување на прописи

(1) Подзаконските акти за спроведување на овој закон ќе се донесат во рок од една година од влегување во сила на овој закон.

(3) До денот на донесувањето на прописите утврдени во овој закон, ќе се применуваат постојните прописи.

### Член 52

### Престанок на одредби од други прописи

Со влегување во сила на овој закон престануваат да важат членовите 194 став (7) и (6), 194-а, 194-б, 196, 197, 205, 205-а, 206, 207, 207-а, 208, 208-а, 209, 209-а и 211 став (1) точките 24) и 25) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 29/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и членот 170 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) и членот 231 од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16).

**Член 53**

**Влегување во сила**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

Со Законот за инспекциски надзор во животната средина се утврдува надлежноста, работата и организацијата на инспекцискиот надзор во медиумите и областите на животната средина, условите кои треба да ги исполнуваат инспекторите, планирањето на инспекцискиот надзор во животната средина, начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор, правата, должностите и овластувањата на инспекторите, соработката и надзор во инспекцискиот надзор во животната средина.

Законот ги уредува и содржи следните поглавја:

- Општи одредби;
- Начела на инспекциски надзор во животната средина;
- Надлежност и организација на инспекцискиот надзор во животната средина;
- Планирање на инспекцискиот надзор во животната средина;
- Видови на инспекциски надзор во животната средина;
- Права, обврски и овластување на инспекторите
- Спроведување на инспекциски надзор;
- Инспекциски акти
- Информативен систем за инспекциски надзор во животната средина
- Соработка во инспекциски надзор во областа на животната средина;
- Надзор;
- Прекршочни одредби и
- Преодни и завршни одредби.

Во Поглавје I се уредени општите одредби од законот со кои се уредува предметот на уредување на овој закон, примена на законот, цел на законот и дефиниции кои се употребуваат во законот.

Главна цел на донесување на овој закон е подобрување на системот на инспекциски надзор во животната средина на целата територија на Република Северна Македонија со кој ќе се постигне високо ниво на заштита на животната средина, а кој ќе се заснова врз основа на претходно спроведена процена на ризик кои субјектите на надзорот го имаат врз животната средина и согласно тоа планирање на инспекцискиот надзор согласно потребите и приоритетите.

Во Поглавје II од законот се пропишани начела на кои се заснова овој закон, а тоа се:

– начелото на превенција согласно кое инспекцискиот надзор во животната средина се врши првенствено со цел да се спречи настанување на негативни влијанија врз животната средина со што инспекторот му наложува на субјектот на надзорот преземање на потребните мерки и активности неопходни за заштита на животната средина пред да дојде до настанување на штетните последици.

– начелото на интегриран пристап при вршење на инспекциски надзор се врши на начин преку кој инспекторот ги забележува и утврдува влијанијата врз сите медиуми и области на животната средина кои може да ги предизвика субјектот на надзорот.

– начелото на транспарентност и учество на јавноста овозможува право на пристап до информациите кои се однесуваат на вршењето на инспекцискиот надзор во животната средина согласно одредбите на овој или друг закон.

Во Поглавје III од Законот се уредува делокругот на надлежност на инспекцискиот надзор во областа на животната средина, како и надлежност и организација на

инспекцискиот надзор во животната средина. Инспекцискиот надзор во животната средина е организиран на централно и локално ниво.
Инспекцискиот надзор во животната средина на централно ниво се врши од Државниот инспекторат за животна средина преку државни инспектори за животна средина, државни инспектори за заштита на природата и водостопанските инспектори. Делокругот на надлежност на Државните инспектори е утврдена во прописите за животна средина како и други прописи во кои постојат такви надлежности.
Инспекцискиот надзор во животната средина на локално ниво се врши преку овластени инспектори за животна средина на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје согласно надлежностите утврдени во прописите за животна средина како и други прописи во кои постојат такви надлежности.
Во членот 13 од Законот се пропишани условите кои треба да ги исполнуваат Државните инспектори односно пропишани се областите на образование, а додека во однос на општите услови кои треба да ги исполнат инспекторите се упатува на Законот за инспекциски надзор. Во членот е дадена можност со актот за организација и систематизација на Државниот инспекторат да се врши специјализација на инспекторите по области и/или медиуми времено или трајно во зависност од потребите на Инспекторатот.
Во членот 14 од Законот се дефинирани условите кои треба да ги исполнат овластените инспектори за животна средина. Со цел спроведување на инспекциски надзор во животната средина на локално ниво во сите општини на цела територија на Република Северна Македонија дадена е можност на општините да изберат на кој начин ќе го организираат надзорот на локално ниво односно првиот начин е преку вработување на лице кое исклучиво ќе ги врши работите на овластен инспектор за животна средина или пак доколку не се во можност да вработат лице постои можност повеќе општини да се договорат за формирање на заедничка администрација за инспекциски надзор во животната средина. Исто така, во законот е дадена можност општините да ги поделат или да се специјализираат за вршење на надзорот по области или медиуми на животната средина. Во случаите кога нема да се исполни ниедна од двете опции во тој случај вршењето на надзорот го презема Државниот инспекторат за животна средина во име и за сметка на општината согласно одредбите на овој закон. Исто како и за државните инспектори исто така и за овластените инспектори постои можност да се врши специјализација на инспекторите по области и/или медиуми.
Во Поглавје IV од Законот е пропишано планирањето на инспекцискиот надзор во животната средина. Планирањето во инспекцискиот надзор се врши со донесување на Стратегија и Програма. Воведувањето на повеќегодишно планирање на инспекциски надзор во животната средина е нова обврска која се воведува со законот. Повеќегодишно планирање се врши со донесувањето на Национална Стратегија за инспекциски надзор во животната средина и Програма за инспекциски надзор во животната средина Одговорен за подготовка и следење на Стратегијата е Државниот инспекторат за животна средина. При подготовка на Стратегијата се земаат во предвид задолжителни претходно донесените плански документи од областа на животната средина како и сите релевантни документи од областа на инспекцискиот надзор, обврските кои произлегуваат од законодавството за животна средина и правото на ЕУ од областа на животната средина. Стратегијата се донесува за период не помал од шест години во кој се дава преглед на постојната состојба со инспекцискиот надзор во областа на животната средина, се дефинираат приоритетните области на инспекциски надзор, целите и мерките за подобрување на состојбата со спроведување на прописите од областа на животна средина и согласно тоа се дефинираат и потребите за стручно оспособување и усовршување и материјалните и човечките ресурси потребни за реализација на Стратегијата. Стратегијата може да се менува или дополнува по истекот на три години од нејзината реализација, а по потреба и порано доколку во

случаите кога измени на политиките/прописите за животна средина кои значително влијаат на реализација на Стратегијата.
За реализација на Стратегијата се донесува тригодишна Програма за инспекциски надзор во животната средина. Целта на донесување на една заедничка Програма за инспекциски надзор во животната средина е сумиран преглед на целите и потребите за инспекциски надзор во животната средина на централно и локално ниво. Подготовката на оваа програма ќе овозможи соодветно планирање на инспекцискиот надзор согласно критериумите за процена на ризикот врз животната средина и согласно тоа соодветно планирање на финансиски средства. Во оваа Програма задолжително се вклучуваат активностите на државните и овластените инспектори.
Следењето на Програмата и Стратегијата ќе биде регулирано со подзаконскиот акт кој се носи согласно овој закон во кој ќе се утврди начинот на следењето и реализацијата.
За планирање на инспекцискиот надзор за наредната година се носи годишен план за инспекциски надзор. Подготовката на Планот е обврска на Државниот инспекторат и на овластените инспектори. Неговата реализација се врши согласно Законот за инспекциски надзор. Согласно Законот за инспекциски надзор, Државниот инспекторат, Планот и Извештајот го доставуваат до Инспекцискиот Совет. Општините немаат обврска за доставување на Планот и извештајот. Со цел соодветно планирање на инспекцискиот надзор на целата територијата на Република Северна Македонија како и земајќи ги предвид сите субјекти на надзорот, во Законот се воведува обврска за подготовка на еден План за инспекциски надзор во животната средина. Подготовката на Планот ќе овозможи, преглед на редовниот надзор планиран на целата територија на државата, а со самото и поголема координираност во спроведување на инспекцискиот надзор.
Следењето на годишниот план ќе овозможи идентификување на недостатоците и преземање на мерки за нивно соодветно надминување.
Во Поглавје V Видови на инспекциски надзор се наведени видовите на инспекциски надзор и тоа се: редовен, вонреден и контролен инспекциски надзор. Видовите на инспекциски надзор се во согласност со Законот за инспекциски надзор. Во овој закон се врши дополнување на вршењето на надзорот согласно спецификите на областа со цел полесно спроведување на законот.
Во член 25 е пропишан редовниот инспекциски надзор како надзор кој е планиран однапред и е предвиден во Планот за инспекциски надзор во животната средина и истиот се врши на сите субјекти кои на територијата на Република Македонија вршат активности и/или дејности за кои потребно добивање соодветни акти со кои се регулира вршењето на дејноста/активноста во однос на нејзиното влијание врз животната средина.
Во член 26 предвидено е во кои случаи се врши вонреден инспекциски надзор односно дека истиот се врши само тогаш кога постојат претставки односно иницијативи кои укажуваат на опасност по здравјето на луѓето и животната средина, во случаи на настанати инциденти и несреќи, тогаш кога постојат сознанија дека е сторено прекршување на условите пропишани во актите со кои се дозволува вршење на дејноста односно активноста, поради настанување на измени во прописите за животна средина, а со тоа се влијае и на измена на условите за вршење на дејноста и/или активноста како и во случаите кога е потребно преземање на мерки согласно позитивните законски прописи.
Во член 27 е пропишано дека инспекторот може да врши контролен инспекциски надзор за да провери дали се преземени корективни мерки од страна на субјектот на надзорот претходно дадени со акт на инспекторот.
Со членот 28 од законот се пропишува можноста за најавен и ненајавен надзор. Ненајавениот надзор се врши во одредени случаи кога постои сомневање од страна на инспекторите дека субјектот на надзор не постапува согласно прописите од областа на животната средина или заради постигнување на поголем ефект и

веродостојност на спроведениот инспекцискиот надзор
Во главата VI од законот се дефинирани правата, обврските и овластувањата на инспекторите.
Согласно член 29 од овој закон инспекторите при вршење на инспекцискиот надзор имаат право на посебни услови за работа заради заштита на животот и здравјето на инспекторот како што се опрема, средства и осигурување од ризик, додаток на плата во случај кога при вршењето на инспекциски надзор, инспекторот е изложен на висок ризик.
Едно од правата но во исто време и обврска на инспекторот е правото на постојано специјализирано стручно оспособување и усовршување на инспекторите. Законот за инспекциски надзор пропишува дека надлежната инспекциска служба подготвува специјализирани обуки. Во таа насока со оглед на специфичноста и обемноста на областа потребно е постојано усовршување и оспособување на инспекторите за вршење на инспекциски надзор. Со цел континуирано следење на потребите за усовршување во законот е предвидено планирање на повеќегодишно специјализирано стручно усовршување и оспособување поради што е предвидено државните инспектори и градоначалниците на општините до Директорот на државниот инспекторат за животна средина да достават предлог за стручно усовршување и оспособување. Предлогот за стручно усовршување и оспособување е дел од Стратегијата. Ваквото планирање ќе овозможи навремено планирање и обезбедување на средства за спроведување на усовршување и оспособување.
Поглавје VII Спроведување на инспекциски надзор ја регулира постапката за инспекциски надзор и тоа во кои случаи инспекторот е должен да врши инспекциски надзор, мерење и земање на примероци и собирање на докази, одземање на предмети и трошоци на инспекциска постапка.
Во глава VIII Инспекциски акти се инспекцискиот акти како и другите документи кои може да ги донесе инспекторот при вршење на надзорот.
Со Законот се дава можност и за пропишување на стандардни оперативни процедури при вршење на инспекцискиот надзор со кои се опишуваат процедурите и процесите во вршењето на надзорот. Исто така во законот подетално се пропишани елементите на Листата на проверка која се користи од инспекторите при инспекциски надзор.
Методологијата за проценка на ризик се носи согласно критериумите определени во Законот за инспекциски надзор. Со цел усогласување на методологијата, критериумите и упатства за инспекција во животната средина кои постојат во Европската унија, за одредени активност/дејности може да се пропишат специфични критериуми за инспекциски надзор во животната средина.
Со член 42 од овој закон се воведува нова обврска за инсталациите кои поседуваат интегрирана еколошка дозвола за кои согласно Директивата 2010/75/ЕУ за индустриски емисии произлегува обврска за подготовка на извештај за инспекциски надзор во животната средина поточно со која се предвидува обврска при организирањето на инспекцискиот надзор над субјектите на надзорот кои поседуваат интегрирана еколошка дозвола да се врши детален инспекциски надзор при која се земаат во предвид сите релевантни документи и извештаи со кои располага субјектот на надзорот и врз основа на тоа се подготвува детален извештај за фактичката состојба, влијанието кое субјектот на надзорот го има врз животната средина како предлози за подобрување на работата на субјектот на надзорот од аспект на животна средина како и мерки кои треба да се преземат доколку за тоа има потреба.
Во глава IX**.** Информативен систем за инспекциски надзор во животната средина со цел водење на евиденција на активностите поврзани со инспекциски надзор во Државниот инспекторат за животна средина се воспоставува и одржува база на податоци за инспекциски надзор во животната средина. Секој инспектор е должен да ги внесува податоците од своето работење во базата на податоци. Исто така

согласно член 44 од овој закон се воведува обврска за водење на Регистар за субјекти на инспекциски надзор во животната средина.

Во поглавје X. Соработка во инспекцискиот надзор во областа на животната средина е опфатена соработката во областа на инспекцискиот надзор во животната средина на меѓународно ниво и соработка на централно и локално ниво.

Во член 45 е пропишана дека Инспекторатот може да остварува меѓународна соработка како и да членува во организации и мрежи кои делуваат во спроведување на инспекциски надзор во животната средина, како и да остварува соработка со органи на други држави во случаи на прекугранично влијание врз животната средина.

Законот пропишува воспоставување на соработка на централно и локално ниво во спроведување на инспекцискиот надзор во животната средина без да го дефинира начинот на соработка. Целта на соработката помеѓу централната и локалната власт во областа на инспекцискиот надзор во животната средина е навремено идентификување на сите проблемите кои постојат при спроведување на одредбите од овој закон.

Поглавје XI. Надзор над законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје се воспоставува со цел поголемо следење и соработка во областа на инспекцискиот надзор во животната средина, со што ќе се овозможи интегрален пристап кон вршењето на инспекциски надзор во областа на животната средина. Ваквата соработка и координација е потребна пред се поради следење на исполнувањето на обврските од овој закон и навремено превземање активности за разрешување на проблемите кои постојат. Ова особено се однесува на исполнување на обврските од спроведувањето на планските документи за инспекциски надзор во животната средина.

Во поглавје XII. Прекршочни одредби се пропишани прекршочни одредби за инспекторите и службените лица за непочитување на одредбите од законот како и за градоначалниците за неисполнување на обврските од овој закон.

Поглавје XIII**.** Преодни и завршни одредби ги дефинира роковите во кои е потребно да се изработат подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон како и роковите во кои треба да се подготват првите плански документи.

**II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ**

Предложените решенија со овој Предлог закон, меѓусебно се поврзани и се надополнуваат.

**III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА**

Со донесување на овој закон ќе се придонесе кон интегрална заштита на животната средина преку спроведување на инспекциски надзор на централно и локално ниво, повеќегодишно планирање на инспекцискиот надзор согласно приоритетите и потребите во зависност од влијанието кое работата на субјектите на надзорот го имаат врз животната средина и на тој начин воспоставување на приоритети во инспекцискиот надзор. Исто така, ваквиот начин на инспектирање ќе овозможи планирање со што ќе се определи и процени ризикот кои работата на субјектите на надзорот го имаат врз животната средина кое ќе влијае и врз подобрување на спроведување на законодавството на животната средина, а со тоа и подобрување на квалитетот на животната средина од една страна, а од друга страна ќе се влијае врз правилно и рационално искористување на човечките и материјални ресурси во спроведување на инспекцискиот надзор во животната средина во целост.